# Деловник
# За работа на Основачкото Собрание на Комората на психолози на Република Македонија

**Член 1**

Со овој Деловник се утврдува начинот на работа и одлучувањето на Основачкото Собрание на Комората на психолози на Република Македонија ( во понатамошниот текст Основачко Собрание и Комора).

**Член 2**

Во работата на Основачкото Собрание учествуваат членовите на Иницијативниот Одбор и психолози од Р. Македонија кои ги исполнуваат условите за членување во Комората, согласно одредбите од Законот за вршење на психолошка дејност.

**Член 3**

Работата на Основачкото Собрание е јавна и на неа присуствуваат и можат да учествуваат поканети гости.

**Член 4**

Основачкото Собрание полноважно одлучува ако на седницата се присутни мнозинството од поканетите психолози, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

**Член 5**

Основачкото Собрание го отвара и до изборот на работно претседателство, раководи претседателот на Иницијативниот Одбор.

**Член 6**

За работата на Основачкото Собрание се избираат работни тела:

- работно претседателство;
- верификациона комисија;
- кандидациона комисија;
- записничар и двајца заверувачи на записникот.

**Член 7**

Работното претседателство предлага дневен ред, отвара дискусија по предложениот дневен ред, а потоа предложениот дневен ред го става на гласање.

**Член 8**

Расправата по утврдениот дневен ред се води пооделно по секоја точка од дневниот ред.

Учесникот во расправата има право да се јави за збор еднаш по утврдената точка на дневниот ред.

Поканетите гости имаат право на збор, пооделно по точките од дневниот ред, но немаат право да гласаат при одлучувањето на Основачкото Собрание.

**Член 9**

Одлучувањето на Основачкото Собрание е јавно, со произнесување по предложените акти со “за” и “против”.

Актот е донесен ако за него се произнеле мнозинството од присутните, согласно член 4 од овој Деловник.

**Член 10**

За работата на Собранието се води Записник кој потоа се заверува.

Основачко Собрание
на Комора на психолози